20079/1

бр. 760, стр. 13

**КУЛТУРА** , Комунист, 24. XII. 1971

*Изложби*

# Актуелна естетска свест

**Самостојна изложба на Петар Хаџи Бошков во Музејот на современата уметност**

Соња **АБАЏИЕВА ДИМИТРОВА**

*„Почнувајќи од Габо и Певзнер, сликарските дела не се разликуваат од скулпторските зошто не се насликани или извајани туку се конструирани во просторот и со просторот“ (Алберт СЦХУГ)*



*Петар Хаџи Бошков: графика, 1971*

МОЛСКАВИЧНОТО темпо на менувањето, така особено за денешниов миг, наметнува уште една констатација: исчезнување и на разликата меѓу уметничкото дело и природата и стварниот свет, наједноставно доведување во состојба на потполно поистоветување. Разликата е во тоа што „Оловото и магнезиумот“ со максимални димензии од 29 метри“, „Трите тони асфалт“, „610 метри должина и бели ради“, ги става уметник во изложбените сали или недоволниов. Хронолошки тоа се најновите движења во ликовната уметност: и во сликарството и во скулптурата. Очигледно мошне „напредни“, „авангардни“, во споредба со компресионираните автомобили и други „отпадоци“, на Сезар.

Најновите пластични реализации на Петар Хаџи Бошков, изложени во Музејот на современата уметност (по нивниот престој на изложбите во Белград, Загреб и Љубљана), не се во крвно сродство со предмалку споменатите, помалку екстремни одошто екстравагантни насоки, но се создадени во исто време (на општо задоволство овие помодни ликовни лудости и покрај најусовршените информативни медиуми, не зачукале на вратите на нашата ликовна уметност, зошто и без тоа, творбите на Хаџи Бошков од извесни луѓе се третираат како авангардни, дела што одат пред вкусот, навиците и темпераментот на нашиот човек). Нешто друго ги поврзува струењата што ги нареков екстремни, со делата на Хаџи Бошков. Не нивната надворешна, манифестациона страна, туку внатрешниот, идејниот предводител: ослободување на уметноста од салонската, музејската, галериската итн. просторна ограниченост, а со тоа, ослободување на истата од „притисокот“ на погледите на постојано истите посетители. Конечно, излегување надвор, на отворен простор, во природа или во некој урбан амбиент: од привилегија на малкумина да стане достапност на сите. Оваа желба за социјализирање на ликовната уметност, во извесна смисла и за нејзино збогатување и со функционална мисија, на изложбата можеби не е на прв поглед очевидна. Пластиката на Хаџи Бошков по концепција е монументална. Така и ја прифаќам оваа изложба: како селекциона збирка на предлози, идеи, модели за монументални ликовни реализации, со интенција тие утре да стanat дел од надворешниот ликовно-естетски обликуван организам во кој секојдневно егзистираме — токму таа, скулптурата, да биде првата стапка кон синтезата на уметностите. Првата што ќе ѝ се придружи на архитектурата. А постепено и приклучувањето на останатите уметности ќе го надминат и повеќе облагородат основниот концепт и принципите на така авангардниот за своето време и денес одново актуелен Bauhaus (основан (1919) Како и за Корбизие, така и Хаџи Бошков важи формулацијата дека: *„човекот и општеството се основни мерила за секоја архитектура“*, а во овој случај и на ваквиот вид пластика, наменета за визуелна рекреација на широк „аудиториум“. Мислам дека во тоа се состои основната порака на авторот и најголемата привлечност на изложените дела.

Хаџи Бошков појде од „свечената статика“ на Мур, а денес е одушевен од експресивната динамика на Бранкузи. Денешната осмисленост на неговата пластика ја зачна 1968/69. и ја разви во волуминозна скулптура (за разлика од сите претходни фази), во која играта на празните и исполнетите делови, а потоа и на плохите, ги замени со затворена, исполнета форма. Надминувањето на претходните ликовни сваќања, оди паралелно со неговата идеја за синтеза со архитектурата. Затоа и не станува збор за вајани дела, за скулптура во класична смисла. Се работи повеќе за **конструирање,** за архитектонско осмислување во духот на денешниот урбан простор. Овие дела ориентирани кон слободната убавина на геометрискиот ред претставуваат своевиден прочистен кубизам, во кој емоционалните поттици сепак доминираат над рационалното голо математичко пресметување. На нив стои печатот на прогресивната и самоуништувачка цивилизација. Нејзините метални отпадоци Хаџи Бошков ги „аранжира“, ги компонира мошне студиозно, им дава естетска обвивка, глазура, без разлика дали се инспирира од органското или неорганското. Претежно е определен кон вертикалната композиција, поретко ја поставува пластиката во прстеновидна, коса или хоризонтална положба. Така создава еден несекојдневен амбиент, чиниш метална шума со каскади, пластови земја петрифицирани во моментот на снажен труст, таласести формации и разни други органски форми, дрвја со бизарна конструкција; или пак амбиент од неорганско потекло: метални обелисци, живеалишта со чудна архитектура — кратко, скици за ликовни органски или неоргански светови,. На крајот на краиштата тоа се сепак *„сеопшти форми кон кои секој несвесно има некој однос, ако тоа не го потиснува неговата свест“* (Мур). Дишењето на индустрискиот воздух, секојдневното судрување со инвазијата на техничкиот напредок, како и современиот начин на обработка (заварувањето) не го поматиле емоционалниот нерв на авторот. Пред неговите дела ја чувствуваме раката на уметникот, неговата душа: суптилна обработка на површината на металот (фини гранулации, нерамнини, патинирање, во контраст со глатките и сјајни површини). Инаку едноставноста на пластичната мисла, строгата структура во која се вметнати елементи со лирски сензибилитет, единственоста и слободното ширење во просторот, сведочат за непосредниот импулс на доживувањето кај авторот.